Врз основа на Статутот на Друштвото за филмски работници на Македонија Скопје, Собранието на Друштвото 09.03.2016 година го донесе следниот :

ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА
на Собранието на Друштвото

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредуват надлежносите на Собранието, начинот на свикување седница, избор на органите на Друштвото, избор на членови на органите на Друштвото и други прашања поврзани со работата на Собранието.

Член 2

Собранието е највисок орган на управување со Друштвото.

Собранието го сочинуваат сите членови на Друштвото, вклучувајќи ги и основачите.

Член 3

Работата на собранието е јавна.

За работата на Собранието се води писмен записник кој се чува во Стручната служба на Друштвото и е достапен за сите членови на Друштвото.

Писмените материјали кои се разгледуваат на седницата на Собранието на членовите на Друштвото им се даваат на увид најмалку 7 дена пред одржување на седницата.

II.НАДЛЕЖНОСТИ НА СОБРАНИЕТО

Член 4

Собранието ги има следните надлежности :

- Донесува Статут и врши негови измени и дополнувања;
- Донесува акти, одлуки, заклучоци и препораки за решавање на прашања од работата на Друштвото;
- Донесува Програма за работа за период од 4 години;
- Донесува Деловник за работа;
- Усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај и го објавува на својата веб страница;
- Го избира и разрешува Претседател на Друштвото
- Собранието го избира и разрешува Директорот на Фестивалот
- Доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините, Општините во Градот Скопје и Градот

RP

Скопје во случај кога Друштвото користи средства од буџетот на Република Македонија, односно од буџетите на единиците на локалната самоуправа;

- Одлучува за промена на целта на Друштвото;
- Одлучува за внатрешната организација и организационите форми на органите на Друштвото;
- Одлучува за формирање на Сектори и го донесува Правилникот за работа на Секторите;
- Предлага и одлучува за кандидати за членови на Управниот одбор, Надзорниот Одбор и Советот на честа;
- Одлучува за статусни измени на Друштвото;
- Донесува предлог за изготвување на Правилник за работа на органите на Друштвото до Управниот одбор;
- Донесува Финансиски план, одлука за располагање со средствата и нивно отуѓување и врши Ревизија за финансиското работење на Друштвото;
- Го разгледува и усвојува извештајот на Управниот одбор, Претседателот, Надзорниот одбор и Советот на честа
- Востановува признанија и награди по предлог на Управниот одбор, донесува акти со критериуми и постапка за нивно доделување;
- Одлучува за членство во меѓународни организации, за поврзување или здружување во сојуз, а со цел да ја унапреди својата работа и активност за остварување на други цели
- Констатира прием на нови членови и престанок на членувањето;
- Одлучува по жалби;
- Со двотретинско мнозинство од вкупното членство донесува Одлука за престанок на работата на Друштвото;
- Усвојува Правилник за ИФФК;
- Усвојува Правилник за избор на македонски кандидат за наградата Оскар;
- Врши други работи во согласност со Статутот и актите на Друштвото.

III. СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕ

Член 5

Седница на Собранието свикува Престседателот на Собранието.

Собранието одржува седница најмалку еднаш годишно.

Седницата на собранието се свикува најмалку 15 дена пред нејзиното одржување, со известување за местото и времето на одржување на седницата и дневниот ред.

Седница на Собранието се свикува и по предлог на управниот одбор или на 1/3 од вкупниот број членови на Собранието.

Доколку претседателот во рок од 15 дена од денот на добиениот предлог не свика седница на Собранието, седницата со јавен општ повик до членството ја свикува Управниот одбор, со поддршка од најмалку 2/3 од своите членови или иницијаторите со поддршка од најмалку 20% од членовите на Друштвото.

Собранието може да биде свикано и по предлог на Надзорниот одбор, доколку Надзорниот одбор оцени дека е тоа потребно.

Член 6

Вонредна седница на Собранието може да се одржи по писмено барање на 1/3 од членовите на Друштвото.

Вонредна седница на Собранието се одржува најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за одржување.

Член 7

Собранието полноважно одлучува ако се присутни над 50% од членовите на Собранието.

Собранието одлуките ги донесува со 1/2 на гласови од присутните членови, освен ако не е предвидено поинаку со некоја одредба од овој статут.

Сите одлуки на Собранието се носат со јавно гласање, доколку Собранието не одлучи поинаку.

Седница на Собранието може да биде одржана со присуство и право на гласање на членовите и преку телефонска конференциска врска.

Член 8

Вонредна седница на Собранието може да се одржи по писмено барање на 1/3 од членовите на Друштвото.

Вонредна седница на Собранието се одржува најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за одржување.

Член 9

Во случај на спреченост на Претседателот на Собранието седницата ја свикува еден од членовите на Управниот одбор надоцна до 30 дена од денот на прием на предлогот.

Член 10

Седница на Собранието може да биде одржана со присуство и право на гласање на членовите и преку телефонска конференциска врска.

Член 11

Седниците на Собранието се одржуваат во просториите на Друштвото или во друга претходно обезбедена просторија од страна на Друштвото а за што членовите на Собранието ќе бидат известени најмалку 5(пет) дена пред одржување на седницата.

Член 12

Седниците на Собранието ги подготвува Стручната служба на Друштвото, во соработка со Претседателот на Собранието.

Подготовката ги опфаќа следните работи:

- Утврдување на дневен ред;
- Подготовка на писмени материјали за седниците;
- Поканување / известување на членовите на Управниот одбор и други лица (по потреба) за времето и местото на одржување на седницата.

Член 13

При утврдување на Дневниот ред, ќе бидат земени предвид предлозите кои навремено ги предложиле членовите на Собранието, најдоцна 20 (дваесет) дена пред одржување на седницата.

Член 14

Собранието полноважно одлучува ако се присутни над 50% од членовите на Собранието.

Собранието одлуките ги донесува со 1/2 на гласови од присутните членови, освен ако не е предвидено поинаку со некоја одредба од овој статут.

Сите одлуки на Собранието се носат со јавно гласање доколку Собранието не одлучи поинаку.

Одлука за престанок на Друштвото се донесува со 2/3 мнозинство од сите членови на Друштвото.

III.1.ТЕК НА СЕДНИЦА

Член 15

Претседателот на Собранието ги известува присутните членови за членовите кои се поканите и за членовите кои го најавиле своето отсуство.

За присутноста на членовите на седницата на Собранието се води евиденција. Евиденцијата ја води назначено лице кое е вработено во Стручната служба на Друштвото.

Член 16

Ако на почетокот на седницата се утврди дека не постои кворум, седницата се одложува за одредено време со истиот дневен ред, или ако во текот на траењето на седницата се утврди дека нема кворум истата се прекинува и презакажува за одредено време, ден и час, по истиот дневен ред.

Член 17

Пред да се премине на утврдување на Дневниот ред на седницата се усвојува записникот од претходната седница.

Секој член може да стави забелешка на записникот и да бара во истиот да се извршат одредени измени или дополнувања.

Член 16

Предложениот дневен ред може да се измени и дополни на почетокот на седница на Собранието во поглед на редоследот или со предлагање на нови точки.

Член 18

Претседателот на собранието раководи со седницата и на учесниците во расправата им дава збор по редослед на пријавувањето. Во случај на спреченост на Претседателот на собранието, со собранието претседава член на Управниот одбор, кој што е избран од Управниот одбор.

Учесникот во расправата може да говори само за прашање кое е на дневен ред, а во случај да се оддалечиод дневниот ред, лицето кое претседава со седницата ќе го предупреди неговото излагање да биде во рамките на точката од дневниот ред, во спротивно може да му го одземе зборот.

Член 19

За одржување на редот на седницата се грижи лицето кое ја води седницата.

За повреда на редот на седницата, лицето кое ја води седницата може да го опомене и да му го одземе зборот на учесникот во расправата и да го исклучи од седницата.

III.2.СВИКУВАЊЕ НА СОБРАНИЕ

Член20

Собранието може да биде свикано како редовно неизборно собрание, редовно изборно собрание, вондредно неизборно собрание и Изборно собрание кое се свикува по потреба.

III.2.1. РЕДОВНО НЕИЗБОРНО СОБРАНИЕ

Член 21

Редовно неизборно собрание го свикува Претседателот.

Редовно неизборно собрание на Друштвото се свикува најмалку еднаш годишно.

Член 22

Редовното неизборно собрание се свикува и по писмен предлог на Управниот одбор или Надзорниот одбор со 2/3 мнозинство од нивните членови.

Член 23

Редовното неизборно собрание може да заседава ако се присутни најмалку 50% од вкупниот број на редовните членови на Друштвото.

Член 24

Одлуките ги донесува со просто мнозинство од вкупниот број присутни редовни членови на Собранието.

III.2.2. РЕДОВНО ИЗБОРНО СОБРАНИЕ

Член 25

На редовното изборно собрание се избираат органите на Друштвото како и Претседателот, негов заменик, членовите на Управниот одбор, членовите на Надзорниот одбор, членовите на Судот на честа, Сектретарот на стручна служба и членови на другите органи формирани со одлука на Собранието.

Член 26

Редовно изборно собрание го свикува Претседателот.

Во случај на спреченост на Претседателот на Собранието, редовното изборно собрание го свикува еден од членовите на Управниот одбор надоцна до 30 дена од денот на прием на предлогот.

Редовно изборно собрание на Друштвото се свикува само за избор на органи на друштвото и членовите на органите, во зависност од нивните мандати.

Член 27

Редовното изборно собрание се свикува по писмен предлог на Управниот одбор или Надзорниот одбор со 2/3 мнозинство од нивните членови.

Член 28

Редовното изборно собрание може да заседава ако се присутни најмалку 50% од вкупниот број на редовните членови на Друштвото.

Член 29

Одлуките ги донесува со просто мнозинство од вкупниот број присутни редовни членови на Собранието.

Член 30

Изборот на органите на Друштвото, Собранието го врши со избирање на Изборна комисија која се состои од три члена, записничар и двајца оверувачи на записникот, кои се избираат со 2/3 мнозинство гласови од присутните членови на Собранието.

Член 31

Изборот на членовите на органите на Друштвото се врши со јавно гласање.

Член 32

Секој член на Собранието на Друштвото има право да предлага кандидати на листата за избор на Претседателот на Друштвото, негов заменик и на членовите на Управниот одбор на Друштвото, членови на Надзорниот одбор, членови на Судот на честа и Секретар на стручна служба.

III.2.3. ВОНДРЕДНО НЕИЗБОРНО СОБРАНИЕ

Член 33

Вондредното неизборно собрание се свикува по потреба.

Член 34

Вонредното неизборно собрание го свикува Претседателот на писмено барање на 1/3 од членовите на Друштвото.

Вонредното неизборно собрание се одржува најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за одржување.

Член 35

Во случај на спреченост на Претседателот на Собранието, вондредното неизборно собрание го свикува еден од членовите на Управниот одбор надоцна до 30 дена од денот на прием на предлогот.

Член 36

Редовното неизборно собрание може да заседава ако се присутни најмалку 1/3 од вкупниот број на редовните членови на Друштвото.

Член 37

Одлуките ги донесува со просто мнозинство од вкупниот број присутни редовни членови на Собранието, доколку поинаку не одлучи Собранието.

III.2.4 ВОНРЕДНО ИЗБОРНО СОБРАНИЕ

Член 38

На вонредно изборно собрание се избираат Претседателот, негов заменик, членовите на Управниот одбор, членовите на Надзорниот одбор, членовите на Судот на честа, Сектретарот на стручна служба и членови на другите органи формирани со одлука на Собранието.

Член 39

Вонредно изборно собрание го свикува Претседателот, по потреба.

Во случај на спреченост на Претседателот на Собранието, вонредно изборно собрание го свикува еден од членовите на Управниот одбор надоцна до 30 дена од денот на прием на предлогот.

Вонредното изборно собрание на Друштвото се свикува само за избор на органи на друштвото и членовите на органите, во зависност од нивните мандати.

Член 40

Вонредното изборно собрание се свикува по писмен предлог на Управниот одбор или Надзорниот одбор со 2/3 мнозинство од нивните членови.

Член 41

Вонреднотоизборно собрание може да заседава ако се присутни најмалку 1/2 од вкупниот број на редовните членови на Друштвото.

Член 42

Одлуките ги донесува со просто мнозинство од вкупниот број присутни редовни членови на Собранието освен ако Собранието поинаку не одлучи.

Член 43

За кандидирањето Собранието се изјаснува со јавно гласање според редот како се дадени предлозите.

Изборот на членовите на органите на Друштвото се врши со јавно гласање, доколку поинаку не одлучи собранието.

Член 44

Секој член на Собранието на Друштвото има право да предлага кандидати на листата за избор на Претседателот на Друштвото, негов заменик и на членовите на Управниот одбор на Друштвото, членови на Надзорниот одбор, членови на Судот на честа и Секретар на стручна служба.

IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 45

Постапката за измена и дополнување на овој Правилник е иста како постапката за негово донесување.

Член 46

Овој Правилник стапува на сила на денот на неговото донесување.

Претседател на Собранието,

Роберт Насков